Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 04-2805/1
Скопје, 19-10-2022 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019 и 110/2019)и член 68 став 4 од Законот за надворешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Министерството за правда објавува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**

за пополнување на работно место со дипломатско звање советник кое одговара на раководни административни службеници во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел (за еден извршител)

1. Се огласува потреба од пополнување на работно место со дипломатско звање советник (за еден извршител), кое одговара на раководни административни службеници во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел, со мандат до три години.
2. Кандидатите кои конкурираат, на денот на објавување на конкурсот треба да ги исполнуваат следните услови:

а) да е државјанин на Република Северна Македонија;

б) да владее странски јазици, и тоа:

- да поседува меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик: ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), ТОЕФЕЛ (TOEFL),ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) или друг меѓународно признат сертификат за познавање на англискиот јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно на Ц1 (C1) ниво на ЦЕФР (CEFR);

-да познава втор странски јазик различен од англискиот и тоа еден од официјалните јазици на Европската унија, на ниво еквивалентно на нивото Б1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат издаден од јазично училиште

в)да достави пријава;

г) да достави мотивациско писмо (една страна);

д) да достави кратка биографија (CV)

3. Индикативен датум на упатување е 01.01.2023 година.
4. Рокот за пријавување на конкурсот, односно доставувањето на пријавата до писарница, е три работни дена од денот на објавувањето на конкурсот.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,**
**д-р Никола Тупанчески**


Министерство за правдапа
Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification